**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ, ЧЛЕНОВИ И СЕКРЕТАР НА КОМИСИЈАТА ЗА ГРАНИЧНИ ПРЕМИНИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА, РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА, РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА, РЕПУБЛИКА КОСОВО И РЕПУБЛИКА СРБИЈА**

1. Во Решението за именување на претседател, членови и секретар на Комисијата за гранични премини на Република Македонија со Република Албанија, Република Бугарија, Република Грција, Република Косово и Република Србија („Службен весник на Република Македонија“ број 149/09, 45/12 и 194/14), во точката 1 зборовите: „г-ѓа Елена Кузмановска“ се заменуваат со зборовите: „г-дин Виктор Димовски”.

2. Во точка 2 во алинејата 2 зборовите: „г-дин Миле Миленковски, началник на Одделението за граници и прелети,“ се заменуваат со зборовите: „г-дин Џеваир Џемаили, началник на Одделението за граници и прелети,“.

3. Во точка 2 во алинејата 7 зборовите: „г-дин Ванчо Постоловски, државен советник во Агенцијата за катастар на недвижности“ се заменуваат со зборовите: „г-дин Дарко Буровски, раководител на сектор во Агенцијата за катастар на недвижности“.

4. Во точката 3 зборовите: „г-дин Иван Ивановски, помлад соработник во Министерството за надворешни работи,“ се заменуваат со зборовите: „г-ѓа Елена Атанасова Марковска, самостоен соработник во Министерството за надворешни работи,“.

5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-6675/1
7 ноември 2017 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

**3145.**

Врз основа на член 15 од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15 и 39/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 7.11.2017 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО РИБАРСТВОТО И АКВАКУЛТУРАТА ЗА 2017 ГОДИНА**

I

Во Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2017 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 192/16) во делот IX ставот (5) се менува и гласи:

„Исплатата на средствата од дел III точка 2 потточка 2.2. за насадување на рибниците со подмладок во периодот од 1 февруари до 30 септември 2017 година се врши по одобрени барања за исплата.”

Ставот (6) се менува и гласи:

„Исплатата на средствата од дел III точка 2 потточка 2.3. за произведена и продадена риба на пазарот се врши по одобрени барања за исплата.“

II

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-6531/1
7 ноември 2017 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

**3146.**

Врз основа на член 17 од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/16 и 142/16), министерот за правда донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА НОТАРСКИТЕ КАНЦЕЛАРИИ**

Член 1

Во Правилникот за работното време на нотарските канцеларии („Службен весник на Република Македонија“ бр. 226/16), во член 2 во ставот (1) зборовите: „9.00 часот“ се заменуваат со зборовите: „08.30 часот“, а зборовите: „17.00 часот“ се заменуваат со зборовите: „16.30 часот“.

Во ставот (2) зборовите: „од 17.00 до 19.00 часот“ се заменуваат со зборовите: „од 16.30 до 18.30 часот“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-3729/1
13 ноември 2017 година
Скопје

Министер за правда,
**Билен Саљиji**, с.р.

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

**3147.**

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ И ТРАНЗИТ НА ДОМАШНИ И ДИВИ ЕКВИДИ ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА ЗАПАДНО НИЛСКА ТРЕСКА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Во Решението за забрана на увоз и транзит на домашни и диви еквиди заради заштита од внесување на вирусот на западно нилска треска во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 121/17, 130/17 и 145/17), Прилогот 1 се заменува со нов Прилог 1, кој е составен дел на ова решение.

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-2857/10
14 ноември 2017 година
Скопје

Агенција за храна
и ветеринарство
в.д. Директор,
**Зоран Атанасов,** с.р.

**Прилог 1**

**1. Грција**
- Следните региони во Грција
Арголида/Argolis
Ханиа/Chania
Тесалоники/Thessaloniki
Аркадија/Arkadia
Коринтос/Korinthia

**2. Италија**
- Следните региони во Италија
Кунео/Cuneo
Верона/Verona
Венеција/Venezia
Падова/Padova
Ровиго/Rovigo
Гросето/Grosseto
Ливорно/Livorno
Витербо/Viterbo
Ористано/Oristano
Асти/Asti

**3. Унгарија**
- Следните региони во Унгарија
Саболч-Сатмар-Берег/Szabolcs-Szatmár-Bereg
Пест/Pest
Толна/Tolna